**1792.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 декември 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈВП „ВОДОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ – СКОПЈЕ**

1. Линдита Шаќири-Атанасова се разрешува од должноста член на Управниот одбор на ЈВП „Водостопанство на Македонија“ – Скопје, поради заминување на друга должност.

2. За член на Управниот одбор на ЈВП „Водостопанство на Македонија“ – Скопје, се именува Кирил Настески, дипл.инженер.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4826/1 Претседател на Владата
26 декември 2004 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**1793.**

Врз основа на член 24 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003) и член 39 и 42 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003 и 67/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ**

1. Од должноста претседател и членови на Економскиот совет, се разрешуваат:

а) претседателот:
- м-р Никола Поповски
б) членовите:
- Стевчо Јакимовски,
- Јован Манасијевски,
- д-р Владимир Кандикјан,
- д-р Ванчо Узунов,
- д-р Таки Фити,
- д-р Методија Несторовски,
- д-р Златка Поповска,
- д-р Драгољуб Арсовски,
- Светозар Јаневски,
- Газменд Кадриу,
- Илија Гечев,
- м-р Фатмир Бесими.

2. За претседател и членови на Економскиот совет се именуваат:

а) за претседател:
- м-р Никола Поповски, министер за финансии.
б) за членови:
- Минчо Јорданов, заменик на претседателот на Владата,
- м-р Фатмир Бесими, министер за економија,
- Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика,
- Џемали Мехази, министер за транспорт и врски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4726/1 Претседател на Владата
20 декември 2004 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**1794.**

Врз основа на член 24 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003) и член 39 и 42 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003 и 67/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 декември 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПРАВНИОТ СОВЕТ**

1. Од должноста претседател и членови на Правниот совет, се разрешуваат:

а) претседателот:
- д-р Владо Бучковски
б) членовите:
- Иџет Мемети,
- Славко Петров,
- Мери Младеновска-Ѓорѓиевска,
- д-р Борче Давитковски,
- д-р Арсен Јаневски,
- д-р Горан Коевски,
- Самоил Филиповски,
- д-р Сашко Георгиевски,
- д-р Дејан Мицковиќ,
- проф. д-р Блерим Река,
- Беким Нухија,
- Никола Стоименовиќ.

2. За претседател и членови на Правниот совет се именуваат:

а) за претседател:
- Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, министер за правда,
б) за членови:
- Љубомир Михајловски, министер за внатрешни работи,
- м-р Зоран Шапуриќ, министер за животна средина и просторно планирање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-4725/1 Претседател на Владата
20 декември 2004 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**1795.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за Царинска управа (“Службен весник на РМ” број 46/2004), министерот за финансии, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБАТА НА СИМБОЛОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на употребата на симболот на Царинската управа.

Член 2

Симболот на Царинската управа е во кружен облик со два натписа - во горниот дел стои “Република Македонија Царинска управа”, а во долниот дел стои ЦАРИНА - CUSTOMS. Симболот е составен од средишна црвена лента со златно-жолта рамка, која ги симболизира граничните премини, а над неа и под неа има по три златно-жолти ленти, кои го симболизираат протокот на луѓе и стоки преку царинската линија.

Член 3

Симболот на Царинската управа се употребува:

1. На знамето на Царинската управа, кое е геометриски еднакво како што е знамето на Република Македонија, на бела боја.

На средината на знамето е обработен симболот на Царинската управа.

Центарот на симболот се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето.

Односот на широчината и должината на знамето е еден спрема два.

Знамето е постојано истакнато покрај знамето на Република Македонија пред влезот, каде што е седиштето на Централната управа и седиштето на Царинарницата.

Знамето може да биде истакнато покрај знамето на Република Македонија:

а) На прослави и други свечености, со кои се одбележуваат настани, битни за Царинската управа;

б) При меѓународни средби, спортски, културни и други настани, на кои се претставува, односно на кои зема учество Царинската управа, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие средби и настани;

в) Знамето треба да биде истакнато гледано од напред, прво на десната страна од државното знаме, односно прво до државното знаме ако знамињата се истакнати во колона.

2. На официјални покани, честитки, визит карти, слични службени акти, како и документи, што за службени цели ги употребува Царинската управа на Република Македонија.

3. На возила на Царинската управа.

4. На влез и во простории каде е седиштето на Централната управа, Царинарниците и нивните организациони единици.

5. На царинската униформа и службената легитимација.

6. Во други случаи, во врска со вршење на работите од надлежност на Царинската управа.

Член 4

Симболот може да се употреби како печатен, везен или ткаен материјал, налепница, метална значка, плакета и значка за спомен во различни графички изведби.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-32824/1
30 декември 2004 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**1796.**

Врз основа на член 76 став 5 и член 77 став 4 од Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на РМ" бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002 и 95/2004), министерот за финансии донесува

## У П А Т С Т В О
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА АКОНТАЦИИТЕ НА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД НА ЛИЧНИТЕ ПРИМАЊА

Член 1

Во Упатството за начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на персоналниот данок на доход на личните примања ("Сл.весник на РМ", бр.51/2001 и 69/2001), во членот 4 ставот 3 се менува и гласи:

"Пресметувањето на аконтациите на данокот се врши кога на утврдената месечна даночна основа од став 1 и 2 на овој член ќе се применат стапките од членот 15-а, од Законот и тоа:

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| до 30.000 денари | 15% |
| од 30.000 до 60.000 денари | 4.500 + 18% на делот од доходот од 30.000 до 60.000 денари |
| над 60.000 денари | 9.900 + 24% на делот од доходот над 60.000 денари |

Член 2

Во членот 5 ставот 1 се менува и гласи:

" Ако аконтациите на персоналниот данок се пресметуваат на нето платата што се исплатува, или на друг вид на нето лично примање утврдено од членот 2 точките 1), 2), 5), 6), 7) и 10) на ова упатство, пресметувањето на данокот се врши така што нето износот се намалува за личното ослободување утврдено во месечен износ согласно член 15-а, став 3 од Законот и на утврдената основа се применуваат пропишаните стапки на следниот начин:

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| до 25.500 денари | 17,647059% |
| од 25.500 до 50.100 денари | 4.500 + 21,951219% на делот од доходот од 25.500 до 50.100 денари |
| над 50.100 денари | 9.900+ 31,578947% на делот од доходот над 50.100 денари |

Член 3

Во членот 6 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

"Кога утврдувањето на даночната основа за пресметување на персоналниот данок се врши од бруто платата, пресметаните придонеси и личното ослободување утврдено во членот 11 од Законот, се одбивни ставки, а данокот се пресметува според стапките утврдени во членот 4 од ова упатство.

Износот на личното ослободување пред почетокот на секоја година се објавува согласно со член 11 од Законот.

Член 4

Во членот 11 образецот ПДД-МП се заменува со нов образец ПДД-МП.

Член 5

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2005 година.

Бр. 08-32814/1
декември 2004 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.